**75 ГОДИНИ, ГОРДИ НА ИМЕТО ТВОЕ**

Драги наставници, соработници, родители и ученици!

Денес го славиме Патрониот празник на училиштето со гордост во срцето, со жар во душата, со топли спомени на нашата традиција и историја, со неизбежен осврт на големиот херој, Мирче Ацев.

Љубовта и почитта која произлегува од невидливите нишки кои ги ткае ова училиште меѓу своите субјекти никогаш нема да сопре.
Гордоста која жари во срцата на учениците на ООУ ,,Мирче Ацев" како невидлив аманет се пренесува од генерација на генерација, без разлика каде и да се.

Денес, на сосема поинаков начин, никогаш до сега практикуван, се навраќаме на големите вредности на нашиот патрон. Празен и тивок училишен двор, неми ходници и холови, празни и студени клупи... Го нема џагорот, не се слуша зуењето на малите вредни пчелки во топлата кошница... Но тука сме, во мислите и делата, ние и нашите ученици. На нов поинаков начин, далеку но сепак блиску, раздвоени но сепак сполотени го празнуваме овој голем ден. Затоа што знаеме дека таа раздалеченост повеќе ќе нѐ сплоти, ќе ни даде шанса за подобро утре и безгрижна иднина. Знаеме дека нашиот денешен влог ќе го врати џагорот, смеата и убавината на нашите мали, но вредни пчелки!

**НЕКА НИ Е ЧЕСТИТ ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК, СО ДОБРА МИСЛА ОСТАНЕТЕ ДОМА!**









